

ОПШТИНА
КАРПОШ

# Општина Карпош
# Неделен
# Е-Билтен

Изготвува: Одделение за односи со јавност

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

# ПРОМОВИРАНА „СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА КАРПОШ“





Општина Карпош е меѓу првите, ако не и единствена општина во државата која во согласност со законот донесе „Стратегија за развој на основното образование во општина Карпош за периодот 2011-2016 година“. По тој повод, на 28 Ноември во реновираното училиште „Лазо Трповски“ беше направена промоција на првата образовна стратегија на која покрај градоначалникот Стевчо Јакимовски беа присутни и директорките на сите десет училишта од територијата на општината, како и од други образовни училишта, како турското училиште „Јахја Кемал“, претставник од УСАИД од Проектот за основно образование и преставници од други општини и од организации и институции кои директно учествуваа во изготвувањето на овој стратегиски документ за локалната власт. - Една од нашите најупотребувани девизи, во рамките на сите проекти на нашата Општина е „Карпош има иднина“. А иднината на Општина Карпош се токму младите, децата, оние кон кои е насочено севкупното наше внимание и љубов - изјави во своето пригодно обраќање градоначалникот Јакимовски. Иако децентрализацијата во оваа сфера е децидна дека локалните власти само ги менаџираат училиштата, а тековното и инвестициско одржување останува обврска на Министерство за образование и државата, ние како Општина не можевме да останеме тесногради и вложивме извонредно многу во инфраструктурата и просторните услови во кои учат и се образуваат децата и во кои работи наставниот кадар.

35 години Општина Карпош

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**







За да се примени една европска образовна стратегија, стратегија на 21 век, мора барем приближно да соодветствуваат и условите за образование на децата. Токму затоа, само во една година Општина Карпош вложи близу 2,5 милиони евра во темелна реконструкција на три училишта ОУ „Петар Поп Арсов“, ОУ „Димо Хаџи Димов“ и ОУ „Лазо Трповски“, како и делумни реконструкции во ОУ „Аврам Писевски“, ОУ „Војдан Чернодрински“, а претходно беше од темел подигнато и ОУ „Јан Амос Коменски“. И тука не застануваме. На ред е реконструкцијата и на ОУ„Братство“ и ОУ „Христијан Тодоровски-Карпош“. Ние многу вложивме и во вонучилишните активности, рече Јакимовски. Отворивме четири школи и тоа за актерска игра, за фолклор, за цртан и анимиран филм, како и за шах со цел да ги опфатиме сите ученици кои имаат посебен интерес и талент за доедукација и развивање на своите вештини, на еден посебен, но пред сѐ бесплатен начин. Но, освен инфраструктурата Општина Карпош во делокругот на своите ингеренции вложува максимум во заокружувањето на еден современ, европски образовен систем, изјави градоначалникот на Карпош.

За содржината и значењето на стратегијата, како и што сѐ таа опфаќа, говореа Љупка Трајчевска, виш соработник од Одделението за образование при Општина Карпош и м-р Игор Андреев од консултантската куќа „Вижн“ која работеше на изработката на овој документ. Според зборовите на Трајчевска, целта на стратегијата беше, откако ќе се сондира мислењето и задоволството на родителите од образовниот процес, да направиме стратегија и да понудиме проекти со кои, не само што ќе ги зацртаме контурите и рамките во кои следните пет години ќе се движи нашето образование, туку она што е во рамките на нашите законски надлежности да направиме се, истото забележително да го подобриме. Се разбира, рече Трајчевска тоа не се само инфраструктурните подобрувања во училиштата, туку севкупната работа во синџирот училиште, родител, дете, а сето тоа го сумиравме во 100 проекти кои треба да ги реализираме заклучно со 2016 година. Инаку, според презентацијата на м-р Андреев, испитувањата покажаа дека индексот на задоволство од квалитетот на услугите во основното образование во Карпош е 67 проценти, од кои од прво до четврто одделение тој е над 72 проценти, а од петто до осмо околу 62 проценти.

Општина Карпош
ул.Демир Трајко б.б
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk

# ВО КАРПОШ ЌЕ СЕ МЕРИ КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

**Општина Карпош официјално ја доби мониторинг станицата за мерење на квалитетот на амбиенталниот воздух која се наоѓа во дворот на ООУ "Петар Поп Арсов". Мерната станица е дел од проектот кој општината го имаше заедно со Министерството за животна средина и просторно планирање и Европската Унија. Градоначалникот на Општината Карпош, Стевчо Јакимовски зедно со шефот на оперативната мисија Дитер Тул ,министерот за животна средина и просторно планирање Абдулаќим Адеми, претставници од Градот Скопје ,амбасадорот на Италија, ја пуштија во употреба мониторинг станицата за мерење на квалитетот на воздухот. Обраќајќи се на свеченоста, Градоначалникот го изрази своето задоволството што овој настан се случува на територијата на Општината и истакна дека оваа станица ќе биде поттик граѓаните од подрачјето на Општината Карпош да ја чуваат својота околина и со тоа ќе се грижат за нивното и за здравјето на своите деца. -Затоа,ова е многу значаен заеднички Проект, а ние како Општина можеме да се пофалиме дека токму во ова училиште поставивме парно греење кое е според европските стандарди.**







35 години Општина Карпош

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**







**Општина Карпош посветува огромно внимание на екологијата и зачувувањето на животната средина на својата територија,. речеЈакимовски. Шефот на оперативната мисија на ЕУ во Македонија, Дитер Тул обраќајќи им се на присутните директори на училишта,детски градинки,ученици и родители ,нагласи дека ова е втора по ред автоматска мониторинг станица поставена во Скопје која ќе служи за мерење на квалитетот на амбиенталниот воздух.**

**Едната станица се наоѓа на територијата на општина Центар,а двете поседуваат опрема за набљудување квалитетот на воздухот ,за метеоролошки мерења како и софтвер и хардвер за управување со податоците.Овие станици не само што ќе известуваат туку и ќе бидат алатка за собирање на податоци за изготвување анализи за чистотата на воздухот во Скопје -рече шефот на оперативната мисија Дитер Тул. Министерот за животна средина и просторно планирање,Абдилаќим Адеми изјави дека со поставувањето на овие две пречистителни станици ќе се подобри сликата за добивање информации за квалитетот на воздухот во Скопје. Во ревијалниот дел од свеченоста учениците од ООУ “Петар Поп Арсов” на гостите им подарија слики на тема екологија.**

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

# СТАТИЧКИ ВЕЛОСИПЕДИ, ФИНАНСИСКА ПОМОШ И НОВИ ПАРКИНЗИ ЗА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

Со донација на 10 статични велосипеди и еднократна финансиска помош за 17 лица со посебни потреби, Општина Карпош пригодно го одбележа 3 Декември, Меѓународен ден на лицата со хендикеп . Велосипедите на лицата со полесен хендикеп треба да им послужат за физикална терапија во домашни услови, а на 17-те лица со потежок хендикеп им беше доделена финансиска поддршка за нивните медицински и други потреби. -Ние како локална самоуправа сакаме да соработуваме и имаме целосно разбирање за вашите потреби, им се обрати градоначалникот Стевчо Јакимовски на присутните лица со хендикеп , како и за потребите на вашите семејства, и токму затоа, во секоја пригода, кога ќе ни се обратите, ви даваме целосна поткрепа која е во нашите можности и надлежности. По овој повод, Градоначалникот на Општина Карпош, Јакимовски го промовираше и тимот од двајца дефектолози, психолог и социјален работник кои ќе дава стручна помош за децата со пречки во развојот од школите и градинките на територијата на Општина Карпош, како и на другите свои граѓани кои имаат такви потреби. По истиот повод, Градоначалникот на Карпош, Стевчо Јакимовски, предаде во употреба и три паркинг-простори пред општинската зграда, со што ќе се олесни пристапот на лицата со хендикеп до локалната администрација. Инаку на територијата на Општина Карпош речиси секаде каде за тоа има потреба, се изградени пристапни рампи за лицата со хендикеп, пред сите јавни и станбени објекти, како за колективно така и за индувидуално домување.





35 години Општина Карпош

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

# ТРИБИНА ЗА ЖИВОТ БЕЗ НАСИЛСТВО







По повод светската кампања -„16 дена против насилството", на 2ри декември во стариот објект на Општината Карпош беше одржана јавна дебата -трибина , под наслов „Да излеземе од мракот на насилството". Општината Карпош и ОЖС (Организација на жените на Скопје) партнерски ја организираа оваа дебата која следеше по изведбата на драмата „Семејна кавга" напишана од ученичка и изведувана од ученици-актери аматери од гимназијата Никола Карев, под менторство на професорката по македонски јазик и претседател на комисијата за родова еднаквост помеѓу жените и мажите на советот на Општина Карпош Билјана Костова. Во дебатата во која зедоа учество многу присутни беа изнесени повеќе предлози кои се од примарно значење за решавање на овој проблем меѓу кои и потребата од измена на Законот за семејство,поголемо медиумско следење на ваквите случувања, воведување на повеќе СОС-линии ,организирање на прифатни центри и вклучување на полицијата како Орган кој ќе дејствува авторитативно врз насилниците. На Трибината учествуваа партиципатори во Проектот спроведен на подрачјето на Општината Карпош под наслов „Стратешки иницијативи за живот без насилство",претставници од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ,членовите на Локалното координативно тело за следење на активностите за превенција и намалување на семејното насилство на територијата на Општината Карпош . Исто така во неа зедоа учество и претставници на ООН-УНФПА,УНИФЕМ,УСАИД,,директорки од ООУ и детските градинки, и клубот на жени на општина Карпош, како и многубројни ученици и заинтересирани граѓани. Тие за времетраење на Проектот ги слушнаа насоките и превентивните мерки што ќе ги спроведат овие институции на евидентно зголеменото насилство на

Општина Карпош
ул.Демир Трајко б.б
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk

# КАРПОШ ЌЕ ГИ СОБИРА ОТПАДНИТЕ БАТЕРИИ



На 2ри декември Општина Карпош организираше информативен состанок за отстранување на отпадните батерии. Со состанокот, Општината активно се вклучува во спроведување на проектот "Гоу Клин" инициран од амбасадата на Шведска и подржан од амбасадите на Норвешка и Словачка, како и од Министерството за животна средина и просторно планирање. Проектот има за цел да ја подржи имплементацијата на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори. На овој информатирани состанок претседателот на здружението на граѓани "Гоу Грин", Антонио Јовановски на Карпош му донираше посебна кутија за отпадни батерии а присутните преставници од различни сектори на Општината, ги запозна со планираните активности и обврски на Општината во врска со заштитата на околината од отпадни батерии, а кои произлегуваат од Законот. Кутијата за собирање отпадни батерии е поставена во самата Општина, каде сите вработени и посетители на Општината ќе можат да ги фрлат искористените батерии од различни апарат и уреди.

Отпадните батерии потоа ќе се транспортираат и рециклираат во фабриката САП Весна од Пробиштип. Во текот на следните месеци нашата локална самоуправа во соработка со граѓанските здруженија "Гоу Грин", „Балкански Мостови" и „Гринер" ќе учествува во спроведување на младинска образовна кампања преку организирање предавања во 20 образовни институции кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпош. На овој начин, се очекува да се создаде платформа за размена на знаење и искуства со земјите од ЕУ и развивање на соработка меѓу различни заинтересирани страни кои се одговорни за справување со отпадни батерии во Република Македонија.





Општина Карпош
ул.Демир Трајко б.б
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk

# ООУ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“- ЕСЕНСКИ ШАМПИОН ВО ОДБОЈКА



Женската одбојкарска училишна екипа на ООУ „Владо Тасевски“ е новиот есенски шампион во училишната одбојкарска лига што ја организира Општина Карпош. Предводени од професорката Светлана Илиоска оваа училишна екипа прикажа најдобра игра на сите натпревари со што повеќе од заслужено го освоија убедливо првото место во есенскиот дел од лигата, со максимален учинок на победи, а при тоа да не изгубат ниту еден сет. Со тоа тие на најдобар начин ја преземаа двегодишната доминација од ООУ „Петар Поп Арсов“. Никогаш поинтересна не била борбата за второто место, за кое во овој момент се борат три училишни екипи „Петар Поп Арсов“, „Димо Хаџи Димов“ и „Лазо Трповски“ кои имаат подеднаков број на бодови и каде сет количникот одлучи вицешампионското место да му припадне на училишната одбојкарска екипа на ООУ „Петар Поп Арсов“. Ова училиште две години во ова натпреварување немаше изгубено ниту сет, но ете секоја серија си има свој крај, оваа екипа дури нанижи два пораза во есенскиот дел. ООУ „Димо Хаџи Димов“ и ООУ „Лазо Трповски“ традиционално квалитетни одбојкарски училишта, секако имаат свои пресметки за освојување на највисокото место во оваа одбојкарска лига. На средина од табелата се наоѓа ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ кој со својот квалитет може да се каже, да им ги замрси работите.

35 години Општина Карпош